МАКЕДОНСКИ ДИЈАЛЕКТЕН АТЛАС

ПРОЛЕГОМЕНА



2 - Институт за македонски јазик „К. П. Мисирков“

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА
НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК



МАКЕДОНСКИ ДИЈАЛЕКТЕН АТЛАС

ПРОЛЕГОМЕНА

СКОПЈЕ 2008

Иницијатор и долгогодишен раководител на проектот МДА
[акад. *Божидар Видоески*]

Рецензенти
акад. *Зузана Тополињска* ▪ акад. *Петар Илиевски*

Главен редактор
д-р *Убавка Гајдова*

Редакција
д-р *Убавка Гајдова*, д-р *Светлана Давкова-Ѓорѓиева*,
д-р *Веселинка Лаброска*, д-р *Марјан Марковиќ*,
д-р *Еленка Стоевска-Денчова*, д-р *Гоце Цветановски*

Автори
[акад. *Божидар Видоески*], д-р *Убавка Гајдова*,
д-р *Светлана Давкова-Ѓорѓиева*, д-р *Васил Дрвошанов*,
[д-р *Маријана Киш*], д-р *Веселинка Лаброска*, д-р *Марјан Марковиќ*,
Соња Миленковска, м-р *Анѓелина Панчевска*, д-р *Коста Пеев*,
д-р *Еленка Стоевска-Денчова*, д-р *Гоце Цветановски*

СОДРЖИНА

Предговор 7
Список на пунктови 19
Населението во Македонија (осврт на демографската состојба од XV–XX) 22
Карта бланковка 40
Фонетска транскрипција 41
Систем на обопштувачка транскрипција за МДА 42
Околу техничката, компјутерска обработка на картите 43
Обоштувачка легенда 45
Индекси, карти и коментари
1. I/85: *Црн дроб* 47
2. III/50: *Доктор, лекар* 51
3. V/17: *Девојка, мома* 55
4. V/49: *Внук од брат* 59
5. VII/16: *Соба, одаја* 63
6. VIII/39: *Тава* 67
7. VIII/46: *Црепна, подница* 71
8. VIII/53: *Вршник, сач* 75
9. IX/79: *Оцет, киселина* 79
10. X/18: *Ѓубре, гној* 83
11. XI/43: *Секира, балтија* 87
12. XI/47: *Тесла* 91
13. XI/86: *Клинец, шајка* 95
14. XII/29: *Јарец, прч* 99
15. XII/32: *Вепар, крмак* 103
16. XIV/23: *Глушец* 107
17. XVI/9: *Шатка, патка* 111
18. XVI/60: *Седело, гнездо* 115
19. XVII/184: *Диња* 119
20. XVII/218: *Пченка* 123
21. XXI/53: *Јули, жетвар* 127
22. XXVI/48: *Свињар* 131
23. XXVI/49: *Падар, полјак* 135
Скратеници 139
Користена литература 140

ПРЕДГОВОР

0. За проектот Македонски дијалектен атлас

Предговорот кон изданието *Македонски дијалектен атлас - Пролегомена*, кое претставува прво издание на Атласот, го започнуваме со текст за целите и задачите на Проектот, кои ги определил и ги составил иницијаторот и, до крајот на својот живот, раководител на проектот *Македонски дијалектен атлас*, акад. Божидар Видоески.

„Задача на проектот МДА е да се проучи и да се претстави актуелната македонска дијалектна реч на хоризонтален и вертикален план на сите лингвистички нивоа: фонологија, прозодија, флексија, синтакса, зборообразување, лексика, на сета македонска етничка територија, што подразбира и македонските дијалекти во Албанија, Грција (Егејска Македонија), Бугарија (Пиринска Македонија) и во областа Гора (Косово).

Обем на проектот. Како база на истражувањето се фиксирани 400–415 дијалектни пунктови (дијалектни зони), од кои 265 се во рамките на Република Македонија, 105–110 во Егејска Македонија со Долна Преспа и Тракија, 26 во Пиринска Македонија, 10 во Албанија, 2–3 во Гора.

Истражувањата се вршат на самиот терен со задолжително анкетирање според единствен квестионар (прашалник) кој содржи 3500 позиции (прашања) во кои е опфатена основната диференцијална тематика од сите области во граматиката, со користење на досега објавената пишана дијалектна реч и со снимање на разговорна реч.

По извршената анкета во избраните дијалектни пунктови се очекува да се собере корпус од околу 1.500.000 јазични податоци.

Врз овој материјал се вршат истражувања по одделни теми:

- монографски студии на одделни дијалекти (описи на помали или поголеми дијалектни подрачја),
- монографии на одделни јазични особености и/или појави со илустрација на дијалектната реч и претставени на лингвистички карти,
- студии на комплексни проблеми од областа на фонологијата, прозодијата, граматиката, лексиката.

Како финални продукти од истражувањата се планирани:

- студии (монографски описи) на основните дијалекти,
- фонолошки описи на пунктовите фиксирани на картата,
- неколку десетици студии што ќе ја претстават граматичката структура на дијалектната реч,
- околу 20–25 лексички студии во кои дијалектната лексика се разгледува по семантички полиња и географската дистрибуција на лексемите се означува на посебни карти.

Врз основа на вака обработениот материјал ќе се изработат:

а) дијалектна карта на македонскиот јазик,
б) комплетна дијалектологија на македонскиот јазик,
в) еден обемен дијалектен речник,
г) комплетен атлас на македонскиот дијалектен јазик (4 тома: фонологија, именска флексија, глаголска флексија, лексика).

Овој проект, како што се гледа, ја покрива целосно проблематиката од научната област МАКЕДОНСКА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА.

Во рамките на проектот се оспособуваат млади кадри по македонска дијалектологија,

обработувајќи теми за своите магистерски и докторски дисертации“ *.

Според предметот и обемот на истражување *Македонскиот дијалектен атлас* е единствен проект од ваков тип во Р Македонија, а воедно со започнувањето на работата врз проектот МДА започнуваат и современите систематски истражувања на македонските дијалекти. Со текот на работата беше овозможено на синхрониски и на дијахрониски план монографски да се обработат голем дел од дијалектите на македонскиот јазик, како и одделни проблемски прашања на целата македонска јазична територија. Како резултат од ангажманот на проектот *Македонски дијалектен атлас* досега се изработени повеќе магистерски и докторски дисертации, од кои најголемиот дел се објавени, како и серија од монографски студии и пообемни статии. Сите тие трудови претставуваат солидна основа за лингвистичката обработка на теренски собраниот дијалектен материјал предвиден за картографско претставување.

* Посоченият текст е извадок од Планот за работа на проектот МДА во периодот 1998–2002 година, кој е последен од низата текстови во кои акад. Божидар Видоески ги изложува целите, задачите и очекуваните резултати од работата на проектот Македонски дијалектен атлас.

Дијалектниот корпус содржан во картотеката на *Македонскиот дијалектен атлас*, создаван во последните педесетина години, со евентуална можност за негово понатамошно надополнување, дозволува да се премине на завршната фаза од изработката на овој проект, а како финален продукт е предвидено географски да се претстави целокупноста на македонската дијалектна територија и нејзината внатрешна диференцијација на сите јазични нивоа во повеќе одделни томови.

Географската дистрибуција на лексиката во македонските дијалекти е појдовна тема во претставувањето на резултатите од работата на проектот *Македонски дијалектен атлас*.

1. Почеток на работата

Проектот *Македонски дијалектен атлас* (МДА) е иницира на Конгресот на југословенските слависти во Загреб (1959 г.), од страна на Југословенскиот комитет за дијалектолошки атласи. Организатор, раководител и главен реализатор на проектот беше акад. Божидар Видоески, до крајот на својот живот (1998 г.). Нему му припаѓа заслугата за осмислувањето на целокупната идеја на проектот, за организацијата и реализацијата на собирањето на дијалектниот материјал од македонската јазична територија, како и за осмислувањето на идејни решенија во врска со картографското претставување на македонскиот јазичен материјал. Оттука е јасно дека почетоците на работата на проектот се врзани токму за активностите што ги презема и трудовите што ги реализира акад. Божидар Видоески.

Подготвителната фаза од работата на проектот започнува со изработување на библиографија на трудовите посветени на прашања од македонската дијалектологија. Во текот на оваа работа Б. Видоески ги регистрира јазичните особености што се јавуваат како диференцијални во дијалектната реч. Теоретската поставеност на проектот, Видоески ја изложува во изданието *Прашалник за собирање материјал за МДА* (ИМЈ, Скопје 2000), во делот насловен *Преглед на проблеми за Прашалникот на МДА*, додека практичната изведба на собирањето дијалектен материјал е овозможена и осмислена со создавањето на *Теренскиот дел* од Прашалникот, кој всушност претставува индекс на лексички единици и зависни збороформи предвидени за теренско истражување, распоредени во семантички групи. Работата на проектот МДА

подразбира и соодветен избор на пунктови, репрезентативни во претставувањето на македонските говори. *Списокот на пунктови,* во текот на работата на проектот, неколкупати е дополнуван од страна на акад. Видоески, а конечната верзија првпат е објавена во рамките на изданието *Прашалник за собирање материјал за МДА*. За географското претставување на македонскиот јазичен материјал Видоески подготви и карта-бланковка. Последната верзија на картата-бланковка на МДА е во електронска форма, што го олеснува и соодветното претставување на дијалектниот материјал.

Видоески изработи и фонетска транскрипција заради соодветна презентација на гласовните системи во македонските говори и заради изедначување на записите кај идните собирачи на дијалектен материјал од македонската јазична територија, со детален опис на функцијата на секој поединечен знак. Во текот на работата се наложуваше потреба од дополнување на фонетската транскрипција и пред сè, адаптација на знаците на фонетската транскрипција кон транскрипцијата за ОЛА (која е изработена со учество и на акад. Видоески), т.е. со оглед на целата словенска јазична територија. Во ова издание се користи последното решение објавено во изданието: Б. Видоески, *Дијалектите на македонскиот јазик*, т.1, т.2., т.3 (1998), (1999), (2000), МАНУ, Скопје.

2. Основање на Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик и негови соработници од основањето до денес

Реализацијата на проектот бараше создавање на кадар оспособен за дијалектолошки истражувања и анализа на материјалот и за таа цел беше основано *Одделението за дијалектологија* во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во 1960 г.. Во 1961 г. *Одделението* станува носител на проектот *Македонски дијалектен атлас.* Истовремено, тоа е носител и на проектот *Топонимастички речник на Македонија.* Во почетокот, Божидар Видоески ја организира и ја раководи работата на двата проекта. Вториот проект, во 1965 година, го превзема новоформираното *Одделение за ономастика.*

Во 1961 година *Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик*, покрај раководителот на проектот *Божидар Видоески* (кој работи како надворешен соработник, бидејќи истовремено работи и како професор по дијалектологија на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет во Скопје), има уште двајца постојани соработници: *Милица Конеска* (до 1977) и *Аритон Поповски* (до 1979). Во наредните години бројот на соработници расте, па така во 1963 година Одделението се зголемува за тројца нови соработници: *Коста Пеев* (до 1984), *Олга Иванова* (до 1965) и *Петре Јанкуловски* (до 1965). Последните двајца во 1965 г. ја продолжуваат работата во новоформираните одделенија на Институтот. Во 1971 г. на Одделението за дијалектологија се ангажирани и *Тодорка Шајкалиска* (до 1980) и *Маријана Киш* (до 2000), потоа во 1979 – *Васил Дрвошанов* (до 1995), во 1981 – *Билјана Маленко* (до 2004), во 1986 – *Здравко Стаматоски* (до 2000).

Денес, Одделението за дијалектолгија на македонскиот јазик брои пет соработници: д-р *Еленка Стоевска-Денчова* (од 1987), д-р *Светлана Давкова-Ѓорѓиева* (од 1989), д-р *Веселинка Лаброска* (од 1990), д-р *Убавка Гајдова* (од 1993) и д-р *Гоце Цветановски* (од 1998).

По смртта на акад. Божидар Видоески, од различни објективни причини, неколку пати се сменуваа раководителите на проектот МДА. Така од 1998–2000 г. проектот го ра-

ководеа д-р *Марија̀на Киш* и д-р *Коста Пеев*, потоа само д-р *Коста Пеев* до 2002, д-р *Биљана Маленко* од 2002 до 2004, д-р *Стоја Пол -Атанасова* 2004–2005 и д-р *Убавка Гајдова* од 2005 година.

3. Експлоратори на дијалектниот материјал за Македонскиот дијалектен атлас

Обемните теренски истражувања, што ги наложува изработката на еден ваков проект, се разбира, бараа обучување на поголем број на експлоратори, при што за оваа цел беа ангажирани не само непосредните соработници на *Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик* туку и надворешни соработници. Во најголем дел, експлораторите се од редот на научниот кадар на Институтот за македонски јазик, како и од Филолошкиот факултет во Скопје. Комплетниот список на надворешни соработници на проектот и списокот на експлоратори поединечно за секој истражен пункт ќе биде објавен во I том од Атласот.

4. Мрежа на пунктови

Со изработената мрежа на пунктови се покрива целокупниот македонски дијалектен ареал, кој покрај територијата на Р Македонија ги опфаќа и македонските говори во соседните земји, Р Грција, Р Бугарија, Р Албанија и македонските говори на Косово. Контролните пунктови во Списокот се распоредени според говорните области на кои им припаѓаат, започнувајќи од северните говори, па говорите од западното наречје и завршувајќи со говорите од југоисточното наречје. Вкупниот број на пунктови предвидени за истражување со проектот МДА е 351. Од нив, 215 се наоѓаат во Р Македонија, 98 во Р Грција, 28 во Р Бугарија, 9 во Р Албанија и 1 пункт на Косово. Во Списокот, пунктовите се нумерирани од 1 до 392. Несоодветноста помеѓу нумерацијата на пунктовите и нивниот вкупен број секако се должи на фактот што во текот на работата на проектот Списокот на пунктови неколкупати е менуван и дополнуван. Поради тоа, во извесни ситуации, недостасува редоследност во нумерацијата на пунктовите, сп. .... 6, 8 ... или: ... 33, 36 ... и сл. Ваквата недоследност упатува на заклучок дека празните места биле предвидени за дополнителни пунктови, што веројатно подоцна се покажало како излишно. За да нема промени во нумеричкото означување на пунктовите што веќе биле предмет на истражување, како и нивната нумерација на карта-та-бланковка, дополнувањата на Списокот на пунктови се вршени со додавање на броеви придружени со букви, сп. 37а, 37б, 37в или: 81а, 149а и сл.

Пополнувањето на *Прашалникот* за секој пункт истовремено значи и обврска за подготовка на демографски опис на населеното место, чиј говор се истражува. Комплетните демографски описи подготвени за потребите на проектот МДА ќе бидат претставени во I том од *Атласот*. Во ова издание е вклучен посебен прилог *Населението во Македонија (осврт на демографската состојба од* XV-XX *век)*. Прилогот го подготвија: д-р *Светлана Давкова-Ѓорѓиева*, д-р *Веселинка Лаброска* и д-р *Еленка Стоевска-Денчова*.

5. Теренски истражувања и ексцерпција на дијалектниот материјал

Во изминатиот период, од предвидените пунктови комплетно се истражени околу две третини. Најголем дел од собраниот дијалектен материјал е од пунктовите што се наоѓаат во рамките на Р Македонија, односно, околу 90%. Од политички причини истражувањето на македонските говори надвор од границите на Р Македонија било речиси невозможно. Сепак, комплетно е собран дијалектен материјал

од близу половина од пунктовите што се наоѓаат во Р Грција (Егејска Македонија). Записите на македонските говори од оваа територија се реализирани преку анкета на македонското население што под присила мигрирало од Р Грција во нашата земја во неколку наврата во првата половина на 20 век. Прогонот на Македонците од своите живеалишта, негаторската и асимилаторска политика предизвикувале и сè уште предизвикуваат да се намалува бројот на македонски говорители во Р Грција и напорот што е вложен да се собере овој дијалектен материјал е од непроценливо значење. Ова особено се однесува на источниот дел од територијата на Северна Грција во која бројот на македонското население е исклучително намален. Најслабо е истражен крајниот југоисток од македонската дијалектна територија, односно територијата на серско-драмското подрачје.

Што се однесува до македонските говори во Р Бугарија (пиринските говори), можностите на македонските дијалектолози да вршат теренски истражувања биле крајно неповолни. Комплетно се истражени 2, а делумно уште 7 пункта. Од 10 пункта зацртани на територијата на Албанија комплетно се истражени 8, а делумно 1 пункт.

Дијалектниот материјал од неколку пунктови е пополнуван со ексцерпција на објавени дијалектни текстови и монографии. Меѓу нив спаѓа дијалекниот материјал што го презентира говорот на с. Бобошчица (391) (Р Албанија). Материјалот за овој пункт е пополнет според дијалектните текстови објавени од Андре Мазон (Andre Mazon, Documents, contes et chasons slaves de l'Albanie du Sud, Paris 1936). Прашалникот на МДА за пунктовите Сухо (305) и Висока (306) (Р Грција), е пополнуван од трудот на Мјечислав Малецки (Mjeczyslav Małecki, Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Soluńskiem), I: Teksty, II: Słownik, Kraków 1934, 1936). Искористен е и дијалектниот материјал запишан од Ватрослав Облак (Oblak V., Macedonische Studien, Die slavische Dialecte des südlichsten und nordwestlichen Macedoniens, Wien 1896) за пунктовите Обоки (59а), Ватилак (319) и Вардаровци (319а).

За дополнување на материјал од крајниот исток од македонската јазична територија користени се и материјалите претставени во *Български диалектен атлас* III *Югозападна България* част I, 1974; част II, БАН, София 1975, во кој се опфатени и македонските говори во Пиринска Македонија, како и Атласот на Иванов (Йордан Н. Иванов *Български диалектен атлас*, *Български говори от Егейска Македония* I *Драмско, Серско, Валовищко и Зиляховско*, БАН, София 1972), кој ги опфаќа говорите во серско-драмското подрачје. Треба да се напомне дека дијалектниот материјал од БДА го користиме и го претставуваме со доза на резерва бидејќи овие атласи не нудат непосредна информација за конкретната форма забележана во одделните пунктови или ваквите информации се прилично селективно претставени.

6. Класификација на материјалот во картотеката на МДА

Дијалектниот материјал собиран за МДА е распореден во два типа на картотеки. Првата картотека ги содржи тетратките со оригиналните записи од терен, кои се подредени според редоследот во Списокот на пунктови. Теренски запишаниот материјал по проверката од страна на раководителот, акад. Б. Видоески, и по потреба дополнително проверуван на терен, се вметнува во Картотеката на МДА, која е подредена според нумерацијата во *Теренскиот дел на Прашалникот за собирање материјал за МДА*.

Според последната картотека се изработени индекси на целокупниот дијалектен матери-

јал. Овие записи, во најголем дел, се направени на машина за пишување, што значи дека нема комплетна електронска верзија на теренски регистрираниот дијалектен материјал.

7. Електронски запис на Картотеката на МДА

Една од основните задачи на актуелните соработници на проектот МДА е да се обезбеди комплетен електронски запис на теренски собраниот материјал, кој е непосредно сведоштво за еден историски пресек на македонскиот јазик во неговата територија. На овој начин дијалектниот материјал ќе биде лесно достапен за истражување и за обработка на секој заинтересиран лингвист. Друго, записот на дијалектниот материјал значи и негова подготовка за печатење.

За дигитализација на дијалектниот материјал е користен табеларен пристап и е работен врз база на Microsoft Office Excel. Програмското осмислување е дело на Миха Лаброски. Програмското осмислување за дигитализацијата на дијалектниот материјал е извршено со цел еднаш дигитализираниот дијалектен материјал да биде лесно достапен за картографска обработка од повеќе аспекти: лексички, фонолошки, морфолошки и сл.

8. Лексичка и картографска обработка на дијалектниот материјал

Долгогодишната работа на проектот МДА предвидувала и изработување на нумерички индекси, првенствено на ниво на зборформи. Врз основа на овие нумерички индекси се изработени околу 500 лексички карти, кои се дел од архивата на проектот МДА. Треба да се има предвид дека овие карти се работени во различни фази од развојот на проектот МДА, па со оглед на тоа содржат повеќе или помалку информации во зависност од истраженоста на дијалектната територија во определениот период. Секако, треба да се има предвид дека лексичкото претставување на материјалот од *Македонскиот дијалектен атлас* било тема и на неколку магистерски и докторски дисертации, како и на одделни поголеми или помали статии, кои се објавени како дел од изданијата на Институтот за македонски јазик. Тука првенствено станува збор за трудот на Маријана Киш *Дијалектната лексика од областа на растителниот свет*, (Скопје 1996) како и за монографијата на Васил Дрвошанов *Анатомската лексика кај човекот* (Скопје 2005). Сè уште не се објавени одбранетите докторски дисертации на Светлана Давкова-Ѓоргиева *Дијалектните именувања на посатките во македонскиот јазик од јужнословенски и балканистички аспект*, и на Еленка Стоевска-Денчова *Именување на роднинските односи во македонските дијалекти од словенски и балканистички аспект*. Ќе ги спомнеме и статиите посветени на определена терминологија обработена со истражувањата на проектот МДА, како земјоделската терминологија од Коста Пеев (*Земјоделската терминологија во македонските дијалекти*, MJ XXVIII, Скопје, 1977, стр. 65–93) и сточарската терминологија на Аритон Поповски (*Сточарската дијалектна лексика во македонскиот јазик; Називите добиток, стока, имање во македонскиот јазик*, Sarajevo 1977).

9. За изданието *Македонски дијалектен атлас – Пролегомена*

Изданието *Македонски дијалектен атлас - Пролегомена* претставува вовед во објавувањето на томовите предвидени како резултат на работата на проектот *Македонски дијалектен атлас*. Општата концепција на работата која предвидува и печатење на теренски запишаниот дијалектен материјал наложува објавувањето да започне со обработка на македонската дијалектна лексика. Картогра-

фирањето на лексиката не бара систематизација на појавите врз основа на поширок материјал, како што е тоа случај на пр. со фонологијата или морфологијата. Притоа имаме предвид дека серија прашања од областа на фонологијата и морфологијата се веќе претставени на систематизиран начин во изданието на Б. Видоески *Дијалектите на македонскиот јазик* III, МАНУ, Скопје 2000, што не е случај кога е во прашање лексичката проблематика. Од друга страна, го имаме предвид и долгогодишното искуство на соработниците (непосредно и посредно) на проектот МДА во обработката на дијалектната лексика. Оттука и основата на изданието *Македонски дијалектен атлас - Пролегомена* ја сочинува лексичката и картографската обработка на 23 прашања (лексичко-семантички единици) од *Теренскиот дел на Прашалникот за собирање материјал за МДА*. Основна цел на ова издание е да се утврди методологијата на картографирање и целокупно претставување на дијалектниот материјал собиран за потребите на проектот *Македонски дијалектен атлас*.

9.1. Избор на картите

За да се добие увид во комплетниот материјал, кој треба да биде предмет на лексичка и картографска обработка во лексичките томови од *Атласот*, на почеток, беа разгледани лексичките карти со кои располага архивата на проектот МДА, објавени и необјавени, а беше консултирана и картотеката на проектот. Беше решено да се направи селекција на материјал од сите тематски области застапени во *Теренскиот дел од Прашалникот*. Така, се дојде до бројка од околу шеесет карти, како репрезентативни примери на лексичката содржина на картотеката на МДА. Откако беше обработен дијалектниот материјал, лексички и картографски (со фигурално прикажување), одлучивме во ова издание да вклучиме 23 карти. При изборот на картите се раководевме од неколку мотиви: 1. картите да нудат првенствено ареално расчленување на македонската дијалектна територија; да бидат репрезентативни примери за лексичката диференцијација на македонскиот јазик, увидувајќи дека слични ареали се добиваат и при претставувањето на друг лексички материјал; истовремено картите треба да покажат неколку од можните типови на ареална диференцијација на македонската јазична територија од лексички аспект. 2. вклучуваме и карти кои се претходно објавувани со цел да ги искористиме старите верзии на карти за понатамошна обработка, имајќи предвид дека тие мошне јасно упатуваат на проблемите кои се јавуваат при картографирањето на македонската дијалектна лексика и истовремено, сакајќи на овој начин да ја изразиме нашата почит кон нашите поранешни колеги и кон нивниот влог во работата на проектот.

9.2. Запис на дијалектниот материјал

Една од основните одлуки донесени уште од почетокот на работата врз проектот е комплетно да биде претставен дијалектниот материјал што е предмет на картографирање. Со ова *Македонскиот дијалектен атлас* претставува редок пример меѓу досега објавените лингвистички атласи. Меѓу лингвистичките атласи, комплетен увид во дијалектниот материјал што се картографира пружаат, на пример, *Општословенскиот лингвистички атлас* и *Лексичкиот атлас на руските народни говори*. Објавувањето на дијалектниот материјал им овозможува на корисниците во секое време да имаат точен увид во она што е забележано на терен и она што е картографирано на картата, што значи дека лингвистичките карти се подложни на стручна и научна верификација, а дијалектниот материјал, секако, може да биде предмет и на понатамошна анализа и истражување.

Дијалектниот материјал што е печатен во ова издание е само дел од податоците што се регистрирани за соодветното прашање во картотеката на МДА. Имено, со *Теренскиот дел од Прашалникот* за секоја лексичко-семантичка единица се предвидени повеќе прашања, на пр. за именките, кои се предмет на картографирање во ова издание, покрај основната форма предвидени се записи и за зависните форми, како множина, видови множина, определени форми и сл. Во објавениот материјал лексемите се предаваат во еднина, неопределена форма, додека множинските и/или определените форми на именките се посочуваат само ако тие претставуваат единствен запис за истражуваното прашање.

Што се однесува до фонетскиот запис на теренски собраниот дијалектен материјал, при дигитализацијата беа извршени сите измени кои беа неопходни за да се услогласат дијалектните записи со претставената фонетска транскрипција. Во врска со информациите за местото на акцентот во одделните лексеми ќе кажеме дека акцентот се бележи секаде каде што има соодветна информација. Имено, во картотеката на МДА има записи на лексичките единици во кои отсуствува информација за акцентот. Една од насоките при собирањето на дијалектниот материјал беше дека акцентот се запишува секогаш кога отстапува од акцентот во стандарниот македонски јазик. Меѓутоа, со оглед на фактот што материјалот за МДА е собиран во период од педесетина години, не сме сигурни дека во некои случаи запишувачот едноставно не го регистрирал акцентот, па решивме да го дополниме материјалот со информација за акцентот само во оние случаи кога се работи за говори каде акцентот е фонетски фиксиран на третиот слог од крајот на зборот, односно во говорите од западното македонско наречје.

9.3. Картографирање

Методологијата на картографирање на македонскиот дијалектен материјал предвиден со МДА ја утврдивме, имајќи ја предвид досегашната картографска презентација на лингвистички материјал во објавените дијалектни атласи (*Општословенскиот лингвистички атлас, Чешкиот лингвистички атлас, Словачкиот лингвистички атлас, Лингвистичкиот атлас на лужичко-српскиот јазик, Кашупскиот дијалектен атлас, Општокарпатскиот дијалектен атлас, Европскиот лингвистички атлас* итн.), како и целокупната претходна работа на македонските лингвисти при претставување на материјали од МДА, во која ги вклучуваме лексичките карти кои се дел од архивата на проектот МДА во Институтот за македонски јазик, како и архивата на акад. Видоески во Македонската академија на науките и уметностите. (За применетиот систем на картографирање в. *Околу техничката, компјутерска обработка на картите*, д-р Марјан Марковиќ).

9.4. Систем за обопштувачка транскрипција

Системот за обопштувачка транскрипција на *Македонскиот дијалектен атлас* го прилагодивме според Системот за обопштувачка транскрипција на *Општословенскиот лингвистички атлас*. Се одлучивме за примена на систем за обопштувачка транскрипција од истите причини поради кои ваков систем се применува и во ОЛА. Имено, кога дијалектната територија покажува голем степен на дијалектна диференцијација на фонетско ниво се јавува проблем при картографирањето на дијалектната лексика, која на мала територија може да се јави во голем број фонетски облици. Кога ќе се земе предвид дека лексема од ист корен може да се јави и во неколку зборообразувачки разновидности се наметнува прашањето за комплексноста на картата и за нејзината „читливост". Ова пра-

шање редовно им се наметнува на дијалектолозите при картографирањето на дијалектниот материјал. Општата оценка е дека за да се добие јасна слика на картата за презентираниот проблем, треба да се има селективен пристап при картографирањето на јазичната проблематика. Така, ако се картографира еден проблем од областа на фонетиката, тогаш се занемарува, на пример, лексичката форма на зборот, односно зборовите преку кои се анализира и систематизира селектираниот проблем. Со други зборови, ако се картографираат рефлексите на *ŗ во македонските дијалекти и ако меѓу примерите преку кои се претставуваат рефлексите на *ŗ се посочени лексемите *врв* и *врба*, тогаш цел на картографирањето не се самите лексеми *врв* и *врба* во нивните фонетски варијанти, на пр.: *в'р̥в, в'ăрв, вр'ăф, в'ɛрх, в'åрф, в'арф,* односно *в'ăрба, в'орба, в'арба* итн., туку токму рефлексите на *ŗ во соодветната фонетска позиција. Тоа значи дека и при претставувањето на лексиката, која неминовно го наметнува и прашањето за зборообразувањето, пожелно е, при длабока дијалектна диференцијација, да не се картографираат различните фонетски варијанти со кои би се комплицирала сликата. Отстранувањето на фонетиката од записот во легендата и/или на самата карта, пак, го наметнува прашањето за соодветен запис на картографираната лексема, кој во исто време ќе важи за целиот ареал што го опфаќа, вклучувајќи ги сите фонетски варијанти. Ваквите прашања ги решаваме преку *Системот за обопштувачка транскрипција.* Обопштувачката транскрипција претставува систем од знаци кои се применуваат за генерализирана хипотетичка реконструкција на лексемите со минимална дијахрона длабочина, на ниво на подоцнежниот период од развојот на прасловенскиот јазик и тоа, во нашиот случај, соодветно на македонскиот дијалектен материјал што е регистриран на терен. Ваквата реконструкција е можна ако се познаваат правилата за регуларниот фонолошки развој на македонскиот дијасистем. Тука, секако, влегуваат прашањата од типот: развојот на *ъ (*pęt-ъk-ъ* во *пе̄то̄к, п'е̄то̄ак, пе̄то̄ак, пе̄то̄ак*), развојот на *ь (*dьn,* во *ден, дăн, дąн'ăс, дан'ăске*), $ъ_2$ (**m//gl-a* во *м'аг̄ла, м'ăг̄ла, м'ог̄ла* или *мăн̄гла* или **bystl//rъ* во *б'исто̄ар, б'исто̄ăр, б'исто̄р, б'исто̄ер, б'исор, б'исто̄р*), рефлексите на *ŗ (**pъ̯rstъ* во *пр̥сто̄, пăрсто̄, прăсто̄, пɛрсто̄, пăрсто̄, пåрсто̄, парсто̄*), и *ļ̥ (**vļ̥k-ъ* во *волк, вăлк, влăк, вăк, вук, вл̥к, вåлк, воўк, вок*), развојот на *ǫ (**rǫka* во *рака, рăка, рока, рука* или **gǫba,* во *г̄аба, г̄оба, г̄ăба, г̄уба, г̄амба, г̄ăмба, г̄оба, г̄åба*), *ę, (**gręda* во *г̄р'еда, г̄р'ента, г̄рj'ăда*, или **ęzyk-ъ* во *j'азик, j'озик, j'ăзик, j'ăзик, 'език, из'ик, инз'ик*) *ě (**bělъ* во *б'ел, б"ăл, б"ал, б^{j}ел, б^{j}ăл, б'ела, бę̆л"ак*), чување или депалатализација на *n' (**syr-en-ьj-e* во *с'ирење, с'ирејне, с'иренје, с'ирен'е, с'ирене*), на *l' (**kъl-ьj-čь* во *клуч, кл'уч, кључ*), развојот на групите *tj (**vert-ja* во *врешта, врешча, вреча, вреќа*), *dj (**medja* во *међда, межџа, межа, меѓа*), губењето /чувањето на *x (**vikax* во *в'иках, в'иках', в'икав, в'икаф, в'икаѳ,*) промената на консонатските групи и нивното упростување на како на пр. **pš- > п̄ч- > ч- (п̄ч'енка, ч'енка*), **tn- > мл-*, односно > *н- (мно̄гу, мло̄гу, но̄гу*), редукцијата на неакцентираните вокали, на пр. редукцијата на неакцентирано *е*, односно *о* во лексемата *човек*: *ч'овек, ч'овęк, ч'овăк, чǫв'ек, чув'ек* итн. Претставениот материјал е само селекција на фонетските промени што имаат закономерни појави на македонската јазична територија, а од приложените примери може да се воочи и големата дијалектна диференцијација на македонскиот јазик на фонетски план. Регуларните фонетски промени во дијалектите на македонскиот јазик се претставени и обработени во серија трудови посве-

тени на дијалектите на македонскиот јазик, што ги приложуваме во списокот на користена литература.

Значи, како резултат на регуларни фонетски промени може да се јават голем број на различни фонетски реализации на една иста лексема, како на пр. за лексемата *падар* констатирани се следните фонетски варијанти: *п'адар, пăд'ар, пᾳд'ар, п'адᾳр, пăнд'ар, п'ăндăр п'андăр, п'ондар, п'андар, п'а"дар, пуд'ар*. Сите фонетски варијанти што се резултат на различниот развој на *ǫ во македонските дијалекти, како и фонетските варијанти што се резултат на редукцијата на неакцентираните вокали во македонското југоисточно наречје (во случајов се работи за редукција на неакцентирано *а*) со обопштувачката транскрипција ги опфаќаме под записот **pǫd-ár-ъ*.

Под нерегуларни фонетски промени подразбираме фонетски промени кои се ограничени до одделни лексеми и оттаму се третираат како лексикализирани фонетски појави, на пример, лексемата *гнездо* е констатирана и во формата *глездо*, а лексемата *седало* е забележана и како *сегало* (сп. XVI/60: *Седело, гнездо*). Ваквите фонетски промени се бележат според обопштувачката транскрипција со употреба на голема буква (сп. *Систем на обопштувачка транскрипција*), која се толкува во самата легенда, а и посебно се коментира.

Со обопштувачката транскрипција се решаваат и проблемите што се јавуваат при запис на лексеми од туѓо потекло, кои на македонската јазична територија се појавуваат во различни фонетски облици. Така, во заграда се бележи лексемата чиј изговор е најблизок до оригиналот, на пр. лексемата *пепон* (од нгр. *πεπόνι*, сргр. *πεπόνιον*), која претставува дијалектна форма за именување на плодот *диња* - (cucumis melo), ја запишуваме како (*репоп*)-ь, а под овој запис се опфатени дијалектните варијанти: *пепојн, пепун, пепǫн, пипој, пипојн, пипон, пипоп, пипон', пипонь, пепен, пупон', папон'* (сп. XVII/184: *Диња*). Надвор од заградата се пишуваат морфолошките наставки и/или зборообразувачките афикси, на пр. (*misir*)-ък-*а* за *мис'ирка, мес'ирка, мис'ерка, м'исерка* (сп. XVII/218: *Пченка*) и сл.

При записот на лексемите е водена сметка да се одделуваат морфемските граници, што од една страна го олеснува разбирањето на фонетските промени што често се случуваат на границата на морфемите, а од друга страна олеснува при картографирањето да се одделуваат ареалите на лексемите кои потекнуваат од ист корен и во рамките на истиот ареал да се издвојат помали ареали во кои се картографираат различните лексемски основи, на пр. **sěd-el-* / **sěd-al-* за лексемите од типот: *с'едело, сăд'ело, сид'ело, с'еделник, сед'елка // седало, сад'ᾳло, сед'алка, сед'алко* (сп. XVI/60: *Седело, гнездо*)

9.5. Коментари

Коментарите кон картите даваат основни податоци во врска со картографираниот материјал. Во насловот тие ги содржат нумерацијата на картографираното прашање според *Прашалникот за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас* и стандардните називи на картографираните објекти (сп. на пример: I/85: *Црн дроб*). Потоа следува семантичко толкување на картографираниот материјал, според записот во *Прашалникот* или, ако недостасува таква информација, според толкувањата на соодветните лексеми во речниците на македонскиот јазик. Во коментарите се бележат картографираните лексеми во нивната стандардна варијанта, ако таква постои, во спротивно се даваат дијалектните форми, а потоа се наведуваат податоци во врска со нивната етимологија. Фонетските варијанти, кои се резултат на регуларни промени, не се бележат. Не-

регуларните промени се бележат и се толкуваат. Се коментираат (локализација и етимологија) сите лексеми или нивни зборообразувачки варијанти, кои имаат едно до две појавувања на македонската јазична територија и како такви во *Легендата* влегуваат со општото упатство да се консултира *Коментарот* односно *Индексот* на картографираниот дијалектен материјал. Се појаснува и се локализира некартографираниот материјал вклучен во индексот на одделното прашање.

***

Индексот на картографираниот дијалектен материјал испишан според *Списокот на пунктови*, картата со легендата и коментарот кон картата претставуваат една целина и секогаш следуваат едно по друго; во рамките на таа целина се чита македонскиот дијалектен материјал и се толкува лингвистичката обработка на македонската дијалектна лексика.

9.6. За авторите

Во реализацијата на изданието *Македонски дијалектен атлас – Пролегомена* учествуваа соработниците на проектот *Македонски дијалектен атлас* при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ како и соработниците на *Истражувачкиот центар за ареална лингвистика* во МАНУ.

Автор на картата бланковка, списокот на пунктови и на фонетската транскрипција е акад. *Божидар Видоески*.

Автори на текстот *Населението во Македонија (осврт на демографската состојба од* XV-XX) се д-р *Светлана Давкова-Ѓоргиева,* д-р *Веселинка Лаброска* и д-р *Еленка Стоевска-Денчова.*

Македонската верзија на обопштувачката транскрипција, според соодветната транскрипција применета во *Општословенскиот лингвистички атлас*, ја подготви д-р *Гоце Цветановски.*

Внесувањето на дијалектниот материјал од картотеката на МДА во компјутер го извршија соработниците на проектот МДА: д-р *Убавка Гајдова*, д-р *Светлана Давкова-Ѓоргиева,* д-р *Веселинка Лаброска,* д-р *Еленка Стоевска-Денчова* и д-р *Гоце Цветановски*, како и *Рада Младеновиќ* и *Билјана Стојановска*, кои волонтерски работеа на проектот во периодот 2007/2008 година.

Лексичката обработка на дијалектниот материјал, првичното знаково картографирање и коментарите кон картите ги изработија соработниците на проектот и тоа: *Убавка Гајдова*: IX/79: Оцет, киселина и XXI/53: Јули, жетвар; *Светлана Давкова-Ѓоргиева*: III/50: Доктор, лекар; VII/16: Соба, одаја; VIII/39: Тава; VIII/46: Црепна, подница и VIII/53: Вршник, сач; *Веселинка Лаброска*: XII/32: Вепар, крмак; XIV/23: Глушец; XVI/9: Шатка, патка и XVI/60: Седело, гнездо; *Еленка Стоевска-Денчова*: V/49: Внук од брат, V/17: Девојка, мома; XXVI/48: Свињар и XXVI/49: Пољак, падар; *Гоце Цветановски*: XI/43: Секира, балтија; XI/47: Тесла; XI/86: Клинец, шајка и XII/29: Јарец, прч.

Од поранешните соработници на проектот во подготовката на ова издание активно учествуваше д-р *Васил Дрвошанов* со обработка на материјалот: I/85: Црн дроб. Во изданието се вклучени и карти од поранешните колеги: д-р *Маријана Киш:* XVII/184: Дињa и XVII/218: Пченка (според Киш М., *Дијалектната лексика од областа на растителниот свет*, ИМЈ „Крсте Мисирков“ Скопје, 1996.) и д-р *Коста Пеев*: X/18: Ѓубре, гној (според Пеев К., *Земјоделската терминологија во македонските дијалекти*, МЈ XXVIII, Скопје, 1977, стр. 65–93). Дополнувањето на картите со дијалектен материјал и коментарите кон овие карти ги подготви д-р *Убавка Гајдова.*

Врз основа на вака подготвениот материјал беа изработени конечните верзии на картите (со ареално/знаково претставување), кои

претставуваат картографски решенија, реализирани од соработниците на *Центарот за ареална лингвистика* во МАНУ: д-р *Марјан Марковиќ*: XVII/184: Дињa; XVII/218: Пченка; XXI/53: Јули, жетвар; XXVI/48: Свињар; XXVI/49: Падар, полјак; *Соња Миленковска*: X/18: Ѓубре, гној; XI/43: Секира, балтија; XI/47: Тесла; XI/86: Клинец, шајка; XII/29: Јарец, прч; XII/32: Вепар, крмак; XIV/23: Глушец; XVI/9: Шатка, патка; XVI/60: Седело, гнездо и м-р *Ангелина Панчевска*: I/85: Црн дроб; III/50: Доктор, лекар; V/17: Девојка, мома; V/49: Внук од брат; VII/16: Соба, одаја; VIII/39: Тава; VIII/46: Црепна, подница; VIII/53: Вршник, сач; IX/79: Оцет, киселина.

Автор на текстот *Околу техничката, компјутерска обработка на картите* е д-р *Марјан Марковиќ*.

Во утврдувањето на методолошката постапка за изработка на картите и формулирањето на коментарите се раководевме од насоките, упатствата и непосредните забелешки на акад. *Зузана Тополињска*, раководител на *Истражувачкиот центар за ареална лингвистика* во МАНУ, за што ѝ искажуваме посебна благодарност.

Убавка Гајдова

СПИСОК НА ПУНКТОВИ ЗА МДА

1. ЖИДИЛОВО
2. КРКЉА
3. ГРАДЕЦ / ДУРАЧКА РЕКА
4. ГАБЕР
5. ЛУКЕ
6. ОГУТ
8. РАНКОВЦИ
9. ПСАЧА
10. КРАТОВО / ШЛЕГОВО
11. КНЕЖЕВО
12. ДОЛНИ СТУБОЛ
13. СТРАЦИН
15. ШОПСКО РУДАРЕ
16. МУРГАШ
17. ЖЕГЊАНЕ
18. ЧЕТИРЦЕ
19. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ
22. КЛЕЧОВЦЕ
23. ДУМАНОВЦЕ
23а. МАТЕЈЧЕ
24. РОМАНОВЦЕ
24а. БУЧИНЦИ / БУЈКОВЦИ
25. ОРАШАЦ
26. ПАВЛЕШЕНЦИ
29. НЕМАЊИНЦИ
30. КНЕЖЈЕ
31. ПРЕВОД
32. ДИВЛЕ
33. БЕЛИМБЕГОВО
36. ЦРЕШЕВО
37. ЉУБАНЦЕ
37а. БРОДЕЦ
38. БАРДОВЦИ
39. КУЧКОВО
40. ВРАТНИЦА
41. ЛЕШОК
42. БРЕЗНО
43. ТЕАРЦЕ
44. РАКОТИНЦЕ
45. ТЕТОВО
46. САРАЌИНЦЕ
47. МИЛЕТИНО
47а. Г. СЕДЛАРЦЕ
47б. УРВИЧ
47в. БРОД (ГОРА)
48. ЧЕЛОПЕК
49. ТУМЧЕВИШТЕ
50. ВОЛКОВИЈА
51. ПОЖАРАНЕ
52. ПЕЧКОВО
53. БАЛИН ДОЛ
54. КУНОВО
55. ЛЕУНОВО
57. МАВРОВО
58. ЖЕРНОНИЦА
59. ТРЕБИШТЕ
59а. ОБОКИ
60. РОСТУШЕ
61. ГАЛИЧНИК
64. Г. КОСОВРАСТИ
65. БАНИШТЕ
66. ДЕБАР
67. ГОРЕНЦИ
68. ГАРИ
69. ЛАЗАРОПОЛЕ
71. ЕФЛОВЕЦ
72. ГОЛЕМ ПАПРАДНИК
73. ЏЕПИШТЕ
74. КЛЕЊЕ
74а. СТЕБЛЕВО
75. МОДРИЧ
76. ЈАБЛАНИЦА
78. ЛУКОВО
79. 'РЖАНОВО
80. БОРОВЕЦ
81. ВЕВЧАНИ
81а. ВИШНИ
82. ГЛОБОЧИЦА
85. СТРУГА
86. РАДОЖДА
87. ВОЛИНО
88. БОТУН
89. ВРБЈАНИ
92. БЕЛЧИШТА
93. ОРОВНИК
94. ОХРИД
95. РАМНЕ
95а. КОЈНСКО
96. ПЕШТАНИ
99. ТРПЕЈЦА
100. ЉУБАНИШТА
101. ЛЕСКО(В)ЕЦ
102. СТЕЊЕ
103. ЉУБОЈНО
106. АРВАТИ
107. ПРЕТОР
108. ЦАРЕВ ДВОР
109. РЕСЕН
110. ЃАВАТО
113. КРУШЈЕ
114. РЕЧИЦА
115. СМИЛЕВО
116. ДИ(Х)ОВО
117. ДРАГОШ
118. КАНИНО
120. БУКОВО
121. КУКУРЕЧАНИ
122. ЖИВОЈНО
123. СКОЧИВИР
124. ПАРАЛОВО
125. ДОБРОМИР
127. ПУТУРОС
128. ТОПОЛЧАНИ
129. КРУШОВЈАНИ
130. СЛЕПЧЕ (Д. ХИС.)
131. Д. ДИВЈАЦИ
134. ПРОСТРАЊЕ
135. ВРАНЕШТИЦА
136. КНЕЖИНО
137. ДУШЕГУБИЦА / ПОПОЕЦ
138. ЛЕШНИЦА
141. ТАЈМИШТА
142. БУКОЈЧАНИ

143. ТУИН
144. СВЕТОРАЧА
145. М. БРОД
146. ТОПОЛНИЦА
147. ЗВЕЧАН
148. САМОКОВ
149. Г. БЕЛИЦА
149а. БРЕЗНИЦА
150. ЗДУЊЕ
151. Н. БРЕЗНИЦА
152. НЕРЕЗИ
155. РАКОТИНЦИ
156. ДРАЧЕВО
157. ЗЕЛЕНИКОВО
158. ДРЖИЛОВО
159. КАТЛАНОВО
162. ЛУГУНЦИ
163. БАШИНО СЕЛО
164. КАРАБУНИШТЕ
165. МЕЛНИЦА
166. ЦРКВИНО
169. ГРНЧИШТЕ
170. ИЗВОР
171. НЕЖИЛОВО
172. СТРОВИЈА
173. СЛЕПЧЕ (ПРИЛ.)
176. БОГОМИЛА
177. НИКОДИН
178. ТРОЈАЦИ
179. ВАРОШ
180. ПРИЛЕПЕЦ
183. ДУЊЕ
184. ПОДЛЕС
185. ГРАДСКО
186. ПРАВЕДНИК
187. ВИТОЛИШТЕ
190. СТАРАВИНА
191. РОЖДЕН
192. КОНОПИШТЕ
193. БАРОВО
194. ВАТАША
197. МАРЕНА
198. КЛИСУРА
199. МИРАВЦИ
200. КОНСКО
201. СТОЈАКОВО
203. ФУРКА
205. ПИРАВА
206. НИКОЛИЧ
207. ДОЈРАН
208. КОСТУРИНО
209. МУРТИНО
210. НОВО СЕЛО
211. ГАБРОВО
213. СМОЛАРЕ
214. СТИНЕК
215. ПИПЕРОВО
216. РОБОВО
218. НИВИЧИНО
219. ПОДАРЕШ
220. ВЕЉУСА
221. КОНЧЕ
222. ДУКАТИНО
225. ДЕДИНО
226. РАДОВИШ
227. ЉУБОТЕН
228. НИКОМАН
229. ДОЛНИ БАЛВАН
230. ШТИП
232. СУДИЌ
233. БОГОСЛОВЕЦ
234. ЛЕЗОВО
235. СПАНЧЕВО / СОКОЛАРЦИ
236. ЗЛЕТОВО
237. ЛЕСНОВО
238. ДРЕВЕНО
239. ПРИПЕЧАНИ
240. ГРАТЧЕ
241. КОЧАНИ
242. ВИНИЦА
243. КОСТИН ДОЛ
246. САСА
247. КАМЕНИЦА
248. КАЛИМАНЦИ
249. БЛАТЕЦ
250. ЛАКИ
253. КИСЕЛИЦА
254. ДЕЛЧЕВО
254а. ЗВЕГОР
255. ТРАБОТЕВИШТЕ
256. СТАР ИСТЕВНИК
257. МАЧЕВО
260. ПЕХЧЕВО
261. БЕРОВО
262. ДВОРИШТЕ
263. КРНАЛОВО
264. ГАБРЕНЕ
265. МЕНДОВО
267. РАЗДОЛ
267а. БЕЛИЦА
268. КРЕСНА
269. БРЕЖАНИ
270. ПОКРОВНИК
270а. ЛЕШКО:
271. ОСЕНОВО
272. БИСТРИЦА
274. БЕЛИЦА
275. РАЗЛОГ
276. БАНСКО
276а. ЕЛЕШНИЦА
277. СТОЖА
278. КРЕМЕН
279. ДЕБРЕНЕ
280. РОЖЕН
281. ХРСОВО
282. ОСИКОВО
283. ГРМЕН
284. ДЕЛЧОВО
285. ПИРИН
286. ЛЕХОВО
287. ГАЈТАНИНОВО
288. ГОДЕШЕВО
289. ЖИЖЕВО
290. ВОЛАК
291. ЗРНОВО
291а. СТАРЧИШТЕ
292. Г. БРОДИ
293. КРУШЕВО
294. РУПЕЛ
295. БУТКОВО
296. ЧИФЛИЦИК
297. САВЕК / КУЛА
298. ФРАШТЕНИ
298а. ДЕРВИШАН
299. ПЛЕВНА
300. КАЛАПОТ
301. СКРИЖЕВО /

КЛЕПУШНА
302. ЗИЛЈАХОВО
303. КАЛЕНДРА
304. СЕКАВЕЦ
305. СУХО
306. ВИСОКА
307. НЕГОВАН
309. БАЛИВЕЦ
310. АЈВАТОВО
311. МУТУЛОВО
312. КУКУШ
313. ПАТАРОС
313а. СНЕВЧЕ (ШТЕМНИЦА)
314. КРЕЦОВО
315. АМБАР ЌОЈ
316. ГРАДОБОР
317. КИРЕЧ ЌОЈ
318. КУЛАКИЈА
319. ВАТИЛАК
319а. ВАРДАРОВЦИ
320. ИЛИЦИЕВО
322. БАРОВИЦА
323. ГУМЕНЦЕ
324. МАЧУКОВО
325. ТУШИН
326. САБОТСКО
327. КОРНИШОР
328. ЦРНЕШЕВО
330. ВАДРИШТА
331. ЕНИЦЕ-ВАРДАР
332. ПЛАСНИЧЕВО
333. МОНОСПИТА / ЈАНЧИШТА
334. ВРТОКОП / ЛИПОХАР
336. МАНДАЛЕВО
337. ЛУКОВЕЦ
338. ВЛАДОВО
339. САРАЌИНОВО
340. ТРЕСИНО
341. ЧЕГАН
342. СТРУПИНО
343. Г. ПОЖАРСКО
344. ПОПАДИЈА
345. ОСТРОВО
346. КАТРАНИЦА
346а. БИРИЛЦИ
347. РАНЦИ
348. ТРЕМНО
348а. ЛИПИНЦИ
349. ЕМБОРЕ
350. ЕКШИ СУ
352. ЗЕЛЕНИЧ
353. ПАТЕЛЕ
354. ВОШТАРАНИ
355. ПОПАЛЖАНИ
356. Д. КОТАРИ
357. БУФ
359. МОКРЕНИ
360. ЗАГОРИЧАНИ
361. ГОРЕНЦИ
362. ТИОЛИШТА
363. БАПЧОР
365. ХРУПИШТА
366. БОГАТСКО
367. МАРКОВЕНИ
368. ДОБРОЛИШТА
369. ЕЗЕРЕЦ
369а. СНИЧЕНИ
370. ГАЛИШЧА
373. НЕСТРАМ
374. ГРАТЧЕ
375. ДАМБЕНИ
376. КРЧИШТА
376а. ЛОБАНИЦА
377. ВАМБЕЛ
377а. ВРБНИК
380. ВИШЕНИ
381. КОНОМЛАДИ
381а. ГАБРЕШ
382. РУЉА
383. ОШЧИМА
384. ГЕРМАН
385. ГЛОМБОЧАНИ
386. ЛЕСКА
386а. ПУСТЕЦ
387. ЛАК
388. НИВИЦИ
389. ШУЛИН
390. ГРАЖДЕНО
391. БОБОШЧИЦА
391а. ДРЕНОВЕНИ
392. СЛИМНИЦА

НАСЕЛЕНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

Осврт на демографската состојба од XV до XX век

Македонските дијалекти развивајќи се низ вековите слободно, без ограничувања од стандард, претставуваат вистинско богатство на јазични особености и најуверлив запис за промените во времето и во просторот. Се разбира, македонските дијалекти ги следеле тенденциите на внатрешен развој на јазикот, но трпеле и странични влијанија кои на овие балкански простори биле неминовни не само за македонскиот, туку и за другите балкански јазици. За да се добие попрецизна слика за јазичните влијанија и правците на развој на македонскиот јазик, сметаме дека е важно да се прикаже составот на населението и неговите промени во последните пет века. Во оваа статија ќе презентираме дел од достапните податоци за демографската состојба на населените места што влегуваат во границите на македонската јазична територија. Свесни сме дека, поради недостаток на соодветна литература, дел од територијата нема да биде покриена со информации за постариот историски период.

За реализација на зацртанава задача ги користевме следниве трудови: 1. Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM (spored administrativno-teritorijalna podelba od 9-II 1962), Skopje 1964; 2. *Попис '94, Податоци за сегашноста и идноста, први резултати,* Скопје 1994; 3. Александар Стојановски и Драги Ѓоргиев, *Населби и население во Македонија – XV и XVI век,* дел 1, Скопје 2001; 4. Василъ Кънчовъ, *Македония, Етнография и статистика,* София 1900; 5. Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија,* книга прва, Скопје 1978; 6. Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија,* книга 1 и 2, Скопје 1998.

При давање на податоците поаѓаме од состојбата во нашите градови (заедно со околните населени места) прикажана во два пописа направени во дваесеттиот век, во 1961 и во 1994 година. Податоците од пописот од 1961 година се дадени на три нивоа: ниво на околија, ниво на општина, ниво на самиот град (без околните населени места). Потоа следуваат податоци за бројот на населението во петнаесеттиот и шеснаесеттиот век според турските пописни дефтери (обработени во книгата од Стојановски и Ѓоргиев, види погоре). Тука се дава бројот на семејства, христијански и муслимански, а под христијански семејства се подразбира, секако, во најголем дел македонското население. Бидејќи во пописните дефтери покрај бројот на семејствата кај христијанското население е регистриран и бројот на вдовиците, во нашиов прилог бројот што ги прикажува христијанските семејства ги опфаќа и семејствата на вдовиците. На крајот ги даваме податоците за бројот на населението кон крајот на деветнаесеттиот век според Васил К'нчов*, дополнети со понови податоци од трудот на Тодор

* При давање податоци за бројот на населението на територијата на Македонија, К'нчов се служи со термините Бугари христијани и Бугари муслимани. Познат е фактот дека во дадените општествено-политички услови, македонското население немало можност слободно да ја изразува својата национална определба и повеќето истражувачи го третираат како дел од населението на соседните држави. Затоа сметаме дека посочените термини од К'нчов со право можеме да ги замениме со терминот Македонци.

Симовски. За жал, во делот што се однесува на територијата надвор од границите на Република Македонија располагаме само со податоци од понов период, но се надеваме дека и тие се доволно репрезентативни за процентот на македонско население кое ја населувало Егејска и Пиринска Македонија.

Битолската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 235.382 жители. Од нив Македонци се 210.043, Албанци 2.694, Турци 14.387. Во **општината Битола** биле населени вкупно 54.982 жители, Македонци 49.061, Албанци 378 и Турци 3.269. Само во градот Битола имало вкупно 49.001 жители, од нив Македонци 43.108, Албанци 378, Турци 3.265. Според пописот од 1994 година општината Битола ја населувале вкупно 106.012 жители, од нив Македонци 96.358, Албанци 3.970, Турци 1.835, Роми 1.678, Власи 922, Срби 565.

Според пописот од 1468 година Битола ја населувале 175 христијански семејства и 278 муслимански семејства, а според пописот од 1544-45 во Битола имало 185 христијански и 387 муслимански семејства. По дваесетина години бројниот сооднос на жителите се променил: 135 христијански семејства, муслимански 618 и еврејски семејства 285.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Битола имало Македонци 10.000, Турци 10.500, Арнаути муслимани 1.500, Власи 7.000, Евреи 5.500, Цигани 2.000.

